Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 15.02.2017 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ по сила на закон** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 102906/1 и 102906/2 издадени на корисникот ТД за вработување на инвалидни лица ЗДПТУ РАВАН ДООЕЛ експорт - импорт седиште во с. Бигла, а диспечерски центар на ул. Видое Смилевски Бато бр. 30 во Делчево.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентни броеви 102906/1 и 102906/2 на корисникот ТД за вработување на инвалидни лица ЗДПТУ РАВАН ДООЕЛ експорт - импорт седиште во с. Бигла.

На ден 08.02.2017 година извршен е стручен надзор во седиштето на носителот на горенаведените одобренија ТД за вработување на инвалидни лица ЗДПТУ РАВАН ДООЕЛ експорт – импорт во диспечерскиот центар на ул. Видое Смилевски Бато бр. 30 во Делчево. Со Записник број 0805-557/1 од 08.02.2017 година, констатирано е дека на локацијата ул. „Видое Смилевски Бато“ бр.30 во Делчево во просториите во кои бил сместен субјектот ТД за вработување на инвалидни лица ЗДПТУ РАВАН ДООЕЛ експорт – импорт повеќе не е таму сместен, а исто така нема видливи антенски системи од радиокомуникациски систем кој порано бил користен од страна на субјектот. Од извештајот за извршени мерења од Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции во Скопје констатирано е дека во Делчево се користи радиокомуникациски систем за вршење такси дејност со користење на фреквенцијата 462.625 во симплексен режим на работа, согласно одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 102906/1 и 102906/2. Претставникот Орце Георгиевски на поранешниот корисник на радиокомуникациски систем на субјектот ТД за вработување на инвалидни лица ЗДПТУ РАВАН ДООЕЛ експорт – импорт Делчево, која веќе е затворена, изјави дека тој радиокомуникацискиот систем го продал на субјектот ОРБИ КОМПАНИ ДООЕЛ Делчево, такси компанија со адреса на ул. Ванчо Прке број 91 во Делчево и побара истите да се отповикаат.

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.. 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-277
Скопје, 15.02.2017

Изработил: Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска
15.02.2017

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- сектор за радиокомуникации
- сектор за финансии
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301.12/Изм.02